СЛУЖ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧ

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки и македонски јазик. — Огласи според тарифата — Жиро-сметка кај Службата на општественото книговодство за претплата, посебни изданија и огласи 608-3-291-2

Четврток, 28 мај 1970
БЕЛГРАД
БРОЈ 23 ГОД. XXVI

Цена ... Аконтација на претплата за ... на изнесува 130 динари — Редакција: Улица Јована Ристиќа бр 1. Пошт. фах. 226. — Телефони: централа 50-931, 50-932 50-933 и 50-934. Служба за претплата 51-732; Продавна служба 51-671

**279.**

Врз основа на членот 25 став 1 и членот 32 став 1 точка 1 од Основниот закон за општествените стоковни резерви („Службен лист на СФРЈ", бр. 40/68), на предлог од Советот на Сојузната дирекција за резерви на индустриски производи, Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА ШТО ЌЕ СЕ КОРИСТАТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА НА СКЛАДОВЕН ПРОСТОР ЗА СМЕСТУВАЊЕ НА ПОСТОЈАНИ И ПАЗАРНИ СТОКОВНИ РЕЗЕРВИ НА ИНДУСТРИСКИ ПРОИЗВОДИ ВО 1970 ГОДИНА

1. Од средствата предвидени со финансиските планови на Сојузната дирекција за резерви на индустриски производи за 1969 и 1970 година за изградба на складовен простор, во износ од 140,000.000 динари, Дирекцијата може да го употреби, и тоа:

1) износот од 100,000.000 динари за изградба на складови за сместување на постојани стоковни резерви, со соодветна опрема;

2) износот од 40,000.000 динари за изградба на складови за сместување на пазарни стоковни резерви, со соодветна опрема.

2. Средствата од точката 1 на оваа одлука Сојузната дирекција за резерви на индустриски производи ќе ги издвои на посебна сметка кај банката и ќе ги користи само за намените од точката 1 на оваа одлука.

3. Складовите изградени со средствата од точката 1 на оваа одлука ќе ги води Сојузната дирекција за резерви на индустриски производи како свои основни средства.

4. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр 84
14 мај 1970 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Митја Рибичич**, с. р.

**280.**

Врз основа на членот 25 став 1 и членот 32 став 1 точка 1 од Основниот закон за општествените стоковни резерви („Службен лист на СФРЈ", бр. 40/68), на предлог од Советот на Сојузната дирекција за резерви на индустриски производи, Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА НА СКЛАДОВЕН ПРОСТОР ЗА СМЕСТУВАЊЕ НА ПОСТОЈАНИ И ПАЗАРНИ СТОКОВНИ РЕЗЕРВИ НА ИНДУСТРИСКИ ПРОИЗВОДИ ВО 1970 ГОДИНА

1. Се утврдува програма за изградбата на складовен простор за сместување на постојани и пазарни стоковни резерви на индустриски производи во 1970 година, што ја врши Сојузната дирекција за резерви на индустриски производи, во вредност од 140,000.000 динари.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 85
14 мај 1970 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Митја Рибичич**, с. р.

**281.**

Врз основа на членот 15 став 2 од Законот за контролата на квалитетот на земјоделските производи наменети за извоз („Службен лист на СФРЈ", бр. 14/65), во согласност со сојузниот секретар за надворешна трговија, сојузниот секретар за стопанство издава

## НАРЕДБА

### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ ПРОИЗВОДИ НАМЕНЕТИ ЗА ИЗВОЗ ЗА КОИ ЌЕ СЕ ВРШИ ПОСЕБНА КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТОТ И НА ГРАНИЦА

1. На посебна контрола на квалитетот во смисла на членот 15 од Законот за контролата на квалитетот на земјоделските производи наменети за извоз, подлежат следните земјоделски производи наменети за извоз:

1) свежо овошје и зеленчук и преработки од овошје и зеленчук;

2) грозје и вино;

3) лековити растенија;

4) жив добиток,

5) месо и преработки од месо;

6) млеко и преработки од млеко;

7) производи на рибарството и нивни преработки.

2. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 3480/1
11 мај 1970 година
Белград

Сојузен секретар
за стопанство,
д-р **Боривое Јелиќ**, с. р.

**282.**

Врз основа на членот 8 од Законот за издавање обврзници на федерацијата за покритие на обврските спрема социјалното осигурување („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/70), сојузниот секретар за финансии донесува

## НАРЕДБА

### ЗА НАЧИНОТ И РОКОВИТЕ ЗА УПИС И УПЛАТА И ЗА ТЕКСТОТ НА ОБВРЗНИЦИТЕ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА ПОКРИТИЕ НА ОБВРСКИТЕ СПРЕМА ФОНДОВИТЕ НА ИНВАЛИДСКОТО И ПЕНЗИСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

1. Банките и работните организации, како и заедниците на социјалното осигурување, во смисла на одредбите од Законот за издавање обврзници на федерацијата за покритие на обврските спрема социјалното осигурување, во времето од 1 до 30 јуни 1970 година можат да запишуваат обврзници на федерацијата за покритие на обврските спрема фондовите на инвалидското и пензиското осигурување (во понатамошниот текст: обврзници).

2. Уплатата на обврзниците се врши во рок од 30 дена од денот на уписот на обврзницата.

3. Обврзниците се издаваат во апоени од по 10.000 динари и 100.000 динари.

4. Обврзницата се состои од два дела: од талон на обврзницата и три купони врз основа на кои имателот на обврзницата го наплатува своето побарување од федерацијата по основ на отплата и камата по обврзницата.

5. Текстот на талонот на обврзницата од лицето гласи:

„СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

ОБВРЗНИЦА

ЗА ПОКРИТИЕ НА ОБВРСКИТЕ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА СПРЕМА ФОНДОВИТЕ НА ИНВАЛИДСКОТО И ПЕНЗИСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

на динари (следи ознака на номиналната вредност на обврзницата од 10.000 односно 100.00)

кој износ Социјалистичка Федеративна Република Југославија ќе му го исплати на уписникот на заемот ———————————— во рок од три години, со 2% камата годишно, во еднакви годишни отплати.

Првата отплата со каматата стасува на 1 септември 1971 година.

Обврската на федерацијата по оваа обврзница се намирува врз основа на купоните кои се составен дел на оваа обврзница.

Со исплатата на купоните престанува обврската на федерацијата по оваа обврзница.

Во Белград, 1 јуни 1970 година

Сојузен секретар
за финансии,
Јанко Смоле".

6. На опачината на талонот на обврзницата се резервира место за пренос на сопственоста на обврзницата врз друг корисник, а под резервираното место за пренос на сопственоста на обврзницата врз друг корисник се става следниот текст:

„Оваа обврзница се издава врз основа на Законот за издавање обврзници на федерацијата за покритие на обврските спрема социјалното осигурување („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/70).

Работите околу емитирањето и амортизацијата на обврзниците ги врши Народната банка на Југославија.

Каматата по овие обврзници тече од 1 јуни 1970 година.

Правото на наплата на купоните застарува за три години од денот на нивната стасаност за наплата.".

7. Текстот на купонот број 1 на обврзницата од 10.000 односно 100.000 динари гласи:

„КУПОН БРОЈ 1

На обврзницата за покритие на обврските на федерацијата спрема фондовите на инвалидското и пензиското осигурување.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Отплата | Дин. | 3.300 | односно | Дин. | 33.000 |
| Камата од 1 VI 1970 до 31 VIII 1971 год. | „ | 250 | „ | „ | 2.500 |
| Вкупно за исплата | Дин. | 3.550 | односно | Дин. | 35.500 |

Стасува за наплата на 1 IX 1971 година.".

8. Текстот на купонот број 2 на обврзницата од 10.000 односно 100.000 динари гласи:

„КУПОН БРОЈ 2

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Отплата | Дин. | 3.300 | односно | Дин. | 33.000 |
| Камата од 1 IX 1971 до 31 VIII 1972 год. | „ | 134 | „ | „ | 1.340 |
| Вкупно за исплата | Дин. | 3.434 | односно | Дин. | 34.340 |

Стасува за наплата на 1 IX 1972 година.".

9. Текстот на купонот број 3 на обврзницата од 10.000 односно 100.000 динари гласи:

„КУПОН БРОЈ 3

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Отплата | Дин. | 3.400 | односно | Дин. | 34.000 |
| Камата од 1 IX 1972 до 31 VIII 1973 год. | „ | 68 | „ | „ | 680 |
| Вкупно за исплата | Дин. | 3.468 | односно | Дин. | 34.680 |

Стасува за наплата на 1 IX 1973 година.".

10. Сите текстови на обврзниците напоредно ќе се печатат на српскохрватски (кирилица и латиница), словенечки и македонски јазик.

11. Оваа наредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 2-7040/1
8 мај 1970 година
Белград

Сојузен секретар
за финансии,
**Јанко Смоле,** с. р.

**283.**

Врз основа на членот 69 од Законот за измени и дополненија на Законот за прометот на стоки и услуги со странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 28/66), сојузниот секретар за надворешна трговија издава

## НАРЕДБА

### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА СТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА ДОГОВАРАЊЕ И ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ НА МЕЃУНАРОДНИОТ ВОЗДУШЕН СООБРАЌАЈ СО ЧССР

1. Договарање и извршување на работите на меѓународниот воздушен сообраќај во вид на чар-

тер летови што на југословенските стопански организации им го отстапува воздухопловното претпријатие ЧСА, Праг, ЧССР за туристичката сезона за 1970 година за превоз на чехословачките туристи во Југославија, се врши под условите предвидени со оваа наредба.

2. Договорање и извршување на работите од точката 1 на оваа наредба вршат следните стопански организации:

1) Југословенскиот аеротранспорт и неговиот погон Air Yugoslavia, Белград — за 46% од договорениот контингент за чартер превоз;

2) „Generalexport", Белград, погон Avio-Genex, Белград — за 23% од договорениот контингент;

3) „Interexport", Белград, погон Inex-Adria Aviopromet, Љубљана — за 31% од договорениот контингент.

3. Претходни и подготвителни дејствија за склучување на договорите од точката 1 на оваа наредба ќе спроведе Сојузната управа за цивилна воздушна пловидба.

4. Оваа наредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

П. бр. 9026
20 мај 1970 година
Белград

Сојузен секретар
за надворешна трговија,
**Мухамед Хаџиќ**, с. р.

По извршеното споредување со изворниот текст утврдено е дека во текстот на Правилникот за превозот на опасни материи во сообраќајот на патиштата, кој е објавен во „Службен лист на СФРЈ", бр. 20/70, се поткраднаа долу наведените грешки, та се дава

## ИСПРАВКА

### НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПРЕВОЗОТ НА ОПАСНИ МАТЕРИИ ВО СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА

Во членот 22 точка 4 наместо зборовите: „ (член 14 став 3)" треба да стои: „член 14 став 4)", а во точката 5 на истиот член наместо зборовите: „член 14 ст. 4 и 5)" треба да стои: „(член 14 став 1 точка 3 и став 2)".

Од Сојузниот секретаријат за внатрешни работи, Белград, 18 мај 1970 година.

# ОДЛИКУВАЊА

### ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на членот 217 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и членот 4 од Законот за одликувањата одлучува да се одликуваат за примерна работа на развивањето полет за остварување на поставените задачи, како и за покажување на старешинските и војничките особини што им служат за пример на другите

### СО МЕДАЛ ЗА ВОЕНИ ЗАСЛУГИ

водникот — стажист: Кајиниќ Јозе Ивица;

десетарот: Ђуров Цветана Драган;

разводниците: Ђорлија Богдана Ђорђе, Ќосиќ Салка Беќир, Доброта Богољуба Дамјан, Габор Виљема Алојз, Ристиќ Цвијана Аврам, Зјалиќ Јове Петар;

војникот: Алиќ Омера Ибрахим;

за особено истакнување во познавањето и вршењето на војничките должности и за примерно војничко држење

### СО МЕДАЛ ЗА ВОЈНИЧКИ ДОБРОДЕТЕЛИ

десетарите: Алпеза Јосипа Марјан, Арловиќ Иве Антун, Батас Стјепана Иван, Бучковиќ Јосипа Иван, Чепркиќ Милана Момир, Ќоровиќ Реџе Хамдија, Дамјановиќ Јована Тоде, Ditz Аугуста Фрањо, Гелер Лајоша Ласло, Гермошек Максимилија Максимилијан, Главаш Марка Паво, Глишиќ Будимира Драган, Грошниќ Мате Иван, Хабијанец Славка Паво, Хорват Стјепана Вјекослав, Игњатиќ Саве Јово, Имери Шукрије Гарип, Јакуш Лацка Јосип, Јерала Винка Мирко, Јоцковиќ Боривоја Драгослав, Јокан Ивана Матевж, Јовановиќ Емила Живојин, Јурчевиќ Ивана Иван, Каузлариќ Ивана Иван, Колариќ Антона Андреј, Козомора Љубе Ђоко, Комлен Тодора Перо, Крижан Ференца Ференц, Лавриќ Макса Виктор, Маричиќ Светислава Предраг, Мариновиќ Љубомира Димитрије, Марјановиќ Будимира Радован, Маршиќ Ивана Тихомир, Микулај Томе Јосип, Миражиќ Богдана Бранислав, Никшиќ Светомира Радосав, Панџа Иве Иво, Пантиќ Станка Неђо, Парис Ивана Марио, Пуриќ Радомира Бранко, Рогиќ Боривоја Митар, Савиќ Симе Гојко, Сеничиќ Вида Стјепан, Срђеновиќ Симеуна Недељко, Срзиќ Вељка Младен, Стевановиќ Мирка Здравко, Стошиќ Владимира Војислав, Шлосар Франца Болеслав, Шошиќ Ђорађ Милан, Швига Отмара Отмар, Тодоровиќ Пантелија Влајко, Трипковиќ Радомира Демир, Васиљевиќ Јована Љубомир, Влаховиќ Радула Радомир, Вујичиќ Милана Ђуро, Вуковиќ Душана Миливоје, Вукелиќ Анте Томислав, Зарвањски Ивана Фетко, Зориќ Владе Милан, Звонар Алојза Лудвик, Жужељ Душана Никола;

разводниците: Бајиќ Војислава Бранислав, Беговиќ Милоша Петар, Боројевиќ Стојана Миленко, Божац Мате Карло, Бркиќ Гојка Драго, Циндриќ Шиме Фрањо, Ђоковиќ Саве Никола, Ђуровиќ Јована Милутин, Галовиќ Стјепана Јосип, Газибеговиќ Мехе Хрусто, Грабовац Стеве Живко, Грегар Стјепана Иван, Гурда Мустафе Ахмо, Јанковиќ Бранка Здравко, Кондовски Тодора Стојче, Ковачевиќ Превислава Милисав, Крсмановиќ Бошка Драгоман, Кулиш Ивана Јозо, Љубисављевиќ Љубомира Јован, Мацановиќ Стојана Радојица, Махмиќ Нахе Сулејман, Мариќ Ђоке Мирко, Марковиќ Радомира Миодраг, Матјашевиќ Андрије Анте, Миличевиќ Ивана Андрија, Неделковски Велков Трипунче- Паниќ Момчила Петар, Петковиќ Вељка Божидар, Петровиќ Илије Миладин, Поповиќ Војина Драгољуб, Рамиќ Авде Мехмед, Саџиќ Миладина Станимир, Сребот Франца Франц, Стефановиќ Ђорђа Хранислав, Тот Андраша Андраш, Влаховиќ Ђорђа Лука, Возаб Ивана Јарослав, Вујин Стеве Милош, Жиганте Ивана Љубо;

војниците: Ајдарпашиќ Хузеира Салко, Бајриќ Рашида Ремзо, Балаж Ивана Иван, Бандуљ Мирка Сава, Беџети Џелила Имер, Белевски Добре Љубе, Белошевиќ Виктора Јосип, Берчиќ Матевжа Јанез, Бичо Ахмета Насуф, Бизјак Антона Антон, Бјелиќ

Рајка Србослав, Благојевић Стојана Благоје, Благојевић Душана Бранислав, Богичевић Милосава Драгић, Богућапин Саје Шериф, Бошњаковић Ристе Ђоко, Броћета Станка Богдан, Бубић Косте Бранислав, Бугариновић Добросава Сергије, Бујташ Драгутина Ђуро, Бурkановић Јове Лазар, Бузов Ивана Илија, Црнић Карла Младен, Цвијановић Миливоја Душан, Цвијић Васе Станко, Чакаревић Боже Жарко, Чимбуровић Милосава Љубомир, Чолић Андрије Иво, Чутурић Алаге Хасан, Ћебић Јована Томислав, Ћирић Милисава Слободан, Даниловски Ванча Војо, Давидовић Добривоја Миодраг, Делић Мује Авдо, Деспотовић Веселина Деспот, Дропуља Стипана Винко, Дроздек Рудолфа Јозо, Дуркалић Божидара Милутин, Ђоковић Добросава Драгослав, Ђорђевић Десимира Божо, Ђорђевић Александра Стојадин, Ђурић Цвијетина Милан, Ерчул Антуна Јоже, Фехер Пала Шандор, Фекоња Богомира Алојз, Гарашић Славка Мирослав, Гегић Мехмеда Хамед, Глибо Луке Фрањо, Гостић Боривоја Петар, Халиловић Бајре Нурија, Хасани Шукрије Хисен, Хаузер Стевана Лазар, Холи Томе Звонимир, Илић Иве Карло, Ивановски Цветана Раде, Јаковљевић Бранка Драго, Јаневски Трајков Раде, Јанић Мартина Милојица, Јанковић Милисава Раде, Јеличић Ивана Јозо, Јерчић Андрије Алберт, Јованчићевић Бориса Милија, Јовановић Љубише Радован, Јуначко Томе Владимир, Карановић Гојка Раде, Карнишки Драгутина Драгутин, Кастмилер Ивана Младен, Катаденић Ивана Драго, Кењереш Имреа Јанош, Кљунић Стојка Родољуб, Кнежевић Илије Раде, Којашевић Мује Исмаил, Колевски Панче Цветко, Кондић Николе Драго, Коркарић Ахмета Аго, Косић Здравка Радојко, Ковачевић Шабана Салих, Краљевић Стјепана Миле, Кресо Шаћира Неџад, Крга Николе Милан, Крстевски Дисков Добре, Крстић Љубише Слободан, Крзнар Александра Андрија, Кужић Николе Младен, Лазаревић Јована Сима, Мајсторовић Илије Јован, Мак Рудолфа Божидар, Малетић Момира Војислав, Мандић Јосе Перо, Марчевски Бошка Благоје, Мартинц Иван Јанез, Медан Илије Петко, Мехаџић Махе Хамид, Мијатовић Марка Јозо, Микић Милорада Драгиша, Миливојевић Душана Милета, Милутиновић Богољуба Зоран, Миљковић Ранка Драгомир, Миљковић Миленка Радиша, Митровић Светислава Зоран, Немет Јожефа Јожеф, Нешић Чедомира Славољуб, Новшак Јожета Мартин, Одар Јожета Јанез, Офентаушек Аугуста Франц, Олџа Јована Павел, Ореч Анте Драган, Пановић Драгутина Војислав, Павловић Првослава Мирољуб, Перић Симе Божо, Петек Виктора Људевит, Пети Ивана Иван, Петровић Спасоја Перо, Петровић Божидара Радоје, Плавшић Мирка Остоја, Почуча Лазе Петар, Попадић Николе Гавро, Поповић Владимира Миодраг, Поповски Крсте Славче, Радић Анте Љубо, Радосављевић Миливоја Обрад, Радовић Јакова Јосип, Радовић Косте Милорад, Радуловић Славољуба Крстивоје, Рамадани Шукри Мусо, Рашитовић Хечипа Зија, Репец Марка Франц, Ристић Драгутина Владимир, Ристов Стојана Никола, Савић Бранка Миливоје, Симић Саве Миодраг, Сиротановић Ахмета Алија, Скорушек Јосипа Стјепан, Сламник Леополда Иван, Спадони Владе Владо, Спасов Бориса Трајан, Стефановић Глише Миливоје, Стојановић Стојана Верослав, Стритер Франца Рудолф, Шаља Укшина Зећир, Шапит Мирка Иван, Шимундић Ивана Бранко, Шипић Добривоја Слободан, Шкибола Стипе Славко, Шкробоња Јована Веселин, Штерн Рудолфа Антон, Терпин Рафаела Андрејан, Томић Марка Невен, Васић Душана Живан, Вечерић Јосипа Антун, Видачковић Раде Вељко, Врган Шпире Анте, Вучковић Светислава Миливоје, Вучковић Радослава Милорад, Вучковић Синише Мирослав, Зорић Михајла Миле, Жижовић Милоша Слободан, Жужић Стјепана Стјепан;

морнарите: Мерхар Јосипа Натко, Немец Виљема Мирослав, Рупић Јосипа Јуре, Винколето Гуерина Маурицио.

Бр. 73
25 мај 1968 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

---

## ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на членот 217 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и членот 4 од Законот за одликувањата одлучува да се по повод шеесетгодишнината на животот, а за долгогодишна револуционерна работа и покажани извонредни заслуги во организирањето и изградбата на општествениот систем и за особен придонес од општо значење за развиток на социјализмот и јакнењето на независноста на Социјалистичка Федеративна Република Југославија

## СО ОРДЕН ЈУНАК НА СОЦИЈАЛИСТИЧКИОТ ТРУД

Мачек Иван.

Бр. 84
15 мај 1968 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

## СОДРЖИНА


Страна

279. Одлука за определување на средствата што ќе се користат за извршување на програмата за изградба на складовен простор за сместување на постојани и пазарни стоковни резерви на индустриски производи во 1970 година — — — — 653
280. Одлука за утврдување на програмата за изградба на складовен простор за сместување на постојани и пазарни стоковни резерви на индустриски производи во 1970 година — — — — — — — — — — 653
281. Наредба за определување на земјоделските производи наменети за извоз за кои ќе се врши посебна контрола на квалитетот и на граница — — — — — — 653
282. Наредба за начинот и роковите за упис и уплата и за текстот на обврзниците на федерацијата за покритие на обврските спрема фондовите на инвалидското и пензиското осигурување — — — — 654
283. Наредба за определување на стопанските организации за договарање и извршување на работите на меѓународниот воздушен сообраќај со ЧССР — — — — 654

Исправка на Правилникот за превозот на опасни материи во сообраќајот на патиштата — — — — — — — — — — — 655


**Издавач: Новинска установа „Службен лист на СФРЈ", Белград, Јована Ристића 1. Пошт. фах 226 — Директор и главен и одговорен уредник Исо Барух, Улица Јована Ристића бр. 1. — Печати Београдски графички завод Белград, Булевар војводе Мишића бр. 17**